**Dispozita kalimtare**

Neni 89

(1)Dispozitat e këtij ligji në lidhje me detyrimet e lejuara që përdoren për qëllime të instrumentit për ndarje të brendshme, nivelin e kërkuar të normës minimale të mjeteve të veta dhe detyrimeve të lejuara dhe fshirjen dhe konvertimin e instrumenteve kapitale përkatëse dhe detyrimeve të lejuara do të zbatohen për të gjitha detyrimet e lejuara të lindura pas datës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, si dhe të detyrimeve të lejuara që kanë ndodhur para hyrjes në fuqi të këtij ligji nëse pas hyrjes në fuqi të këtij ligji ka ndoshur ndryshim në kushtet e tyre kontraktuese që mundëson zbatimin e dispozitave të këtij neni.

(2)Dispozitat e nenit 34, paragrafi (2), pika 1) dhe paragrafi (6) të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen nga dita e anëtarësimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në Bashkimin Evropian.

**Dispozita përfundimtare**

Neni 90

Ky ligj hyn në fuqi tetë ditë pas botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të fillojë të zbatohet brenda 24 muajve nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

**3650.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Се прогласува Законот за системот за проценка на лицата со попреченост,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2023 година.

Бр.08-4885/1
3 октомври 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## ПРВ ДЕЛ
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој закон се уредува системот за проценка на лицата со попреченост, воспоставувањето и организацијата на задачите на Централното координативно тело за проценка на лица со попреченост и работите што ги врши, изворите на финансирање на системот за проценка на лицата со попреченост, условите и постапката за лиценцирање на лицата кои вршат проценка, условите и постапката за сертифицирање обучувачи кои спроведуваат обуки за вршење проценка, вршењето на проценката на лицата со попреченост и издавањето наод и мислење и потврда за лице со попреченост, надоместоците, трошоците и партиципацијата во системот за проценка на лица со попреченост, воспоставувањето и водењето на регистарот на лицата кои вршат проценка и на регистарот на лица со попреченост, воспоставувањето и администрирањето на информацискиот систем за проценка на лицата со попреченост, како и други прашања од значење за системот за проценка на лица со попреченост.

**Поим за проценка и лице со попреченост**

Член 2

Проценка на попреченоста, на нивото на преостанатата работна способност и на потребната поддршка на лицето во смисла на овој закон, претставува утврдување попреченост како долготрајна телесна, интелектуална, ментална или сетилна оневозможеност на лице, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите граѓани (во натамошниот текст: проценка на попреченост).

**Права и услуги за кои се врши проценка**

Член 3

(1) Проценката на попреченост се врши заради остварување права и услуги на децата и лицата со попреченост утврдени во Законот за социјалната заштита, Законот за заштита на децата, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за работните односи, Законот за вработување на инвалидни лица, Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

(2) Проценката на попреченост се врши и заради остварување права и услуги на лицата со попреченост ако со овој или со друг закон е утврдено дека правата и услугите се остваруваат врз основа на наодите и мислењата издадени согласно со овој закон.

**Начела на кои се заснова системот за проценка на попреченост**

Член 4

Начелата на кои се заснова системот за проценка на лица со попреченост, се:

1. еднаков третман и недискриминација;
2. индивидуализација на барателите на проценка на попреченост;
3. заштита на приватноста и обезбедување доверливост на податоците;
4. почитување на интегритетот и правата на барателот на проценка на попреченост;
5. самостојност и независност на лицата кои вршат проценка за утврдување на попреченост при вршењето на проценката;
6. стручност во вршењето на проценката согласно со единствена методологија за проценка на попреченост, правилата на науката и струката и етичките норми;
7. сеопфатност преку вршење единствена проценка од една комисија заради утврдување попреченост и користење на издадениот наод и мислење во сите постапки во кои лицето со попреченост остварува право и/или услуга;

8. поголема достапност на комисиите за проценка до барателите на проценка на попреченост и

9. дигитализација на постапката за утврдување попреченост, од поднесување на барањето до уписот на лицето во регистарот на лица со попреченост.

## ВТОР ДЕЛ
## ЦЕНТРАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

### Основање и поставеност

Член 5

Заради координиран и унифициран начин на вршење проценка на попреченост како основа за остварување на правата и услугите од прописите наведени во членот 3 од овој закон, се формира Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост како организациска единица во Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Телото).

### Работи кои ги врши Телото

Член 6

Телото ги врши следниве работи:

1. координација на проценките на попреченост заради утврдување статус на лице со попреченост, а заради остварување на правата и услугите од прописите наведени во членот 3 од овој закон;

2. водење регистар на лица со попреченост;

3. водење на постапката за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка, вклучително и организирање обуки и стручни испити;

4. водење регистар на стручни лица кои вршат проценка;

5. водење на постапката за сертифицирање обучувачи, вклучително и организирање на обуки;

6. водење евиденција на обучувачи;

7. воспоставување и управување со Информациски систем за проценка на лица со попреченост;

8. следење на научните, стручните и техничките достигнувања во областите во кои се врши проценка на попреченост, преземање мерки за усовршување на работата, методите на проценка на попреченост и стручно усовршување на стручните лица кои вршат проценка;

9. предлагање мерки за унапредување на системот за проценка на попреченост и

10. вршење и на други работи утврдени со закон.

### Извори и начини на финансирање на системот за проценка

Член 7

(1) Средствата за финансирање на системот за проценка на лица со попреченост се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) За потребите на системот за проценка на лица со попреченост Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Министерството) може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со закон.

(3) Како сопствени приходи на Министерството се сметаат:

1. трошоците што ги покриваат лицата за посета на обука за стручни лица кои вршат проценка и обучувачи и/или за полагање стручен испит и

2. партиципацијата што барателите на проценка ја уплаќаат за вршење прва и втора (конечна) проценка.

### Други вклучени институции

Член 8

(1) Лицата кои се вработени во Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје на работни места за вршење проценка и кои се лиценцирани за вршење проценка согласно со одредбите од овој закон, ја вршат проценката согласно со овој закон.

(2) За работите кои бараат посебна стручност и за чиешто извршување се потребни дополнителни и/или други соодветни профили на стручни лица и опрема кои Министерството или другите вклучени институции во системот за проценка не ги поседуваат, Министерството може да склучи договор или меморандум за соработка со друг државен орган или установа.

## ТРЕТ ДЕЛ
## ЛИЦЕНЦИРАЊЕ СТРУЧНИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ПРОЦЕНКА

### Лица кои може да вршат проценка

Член 9

(1) Проценката ја вршат стручни лица вработени или ангажирани од Министерството кои се претходно лиценцирани според условите и во постапката утврдени со овој закон.

(2) Вештак кој е лиценциран согласно со Законот за вештачење (*) не може да врши проценка на лица со попреченост согласно со овој закон, без претходно да се лиценцира за стручно лице кое врши проценка според условите и во постапката утврдени со овој закон.

(3) Стручните лица ја вршат проценката во име и за сметка на Министерството.

### Услови за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка

Член 10

(1)Со лиценца за стручно лице кое врши проценка може да се стекне лице кое:

1. е државјанин на Република Северна Македонија;

2. со правосилна одлука не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност сè додека траат последиците од забраната;

3. ги исполнува условите во однос на стручниот (образовниот) профил и годините на соодветно работно искуство од ставот (2) на овој член и

4. положило стручен испит согласно со член 17 од овој закон.

(2) Со лиценца за стручно лице кое врши проценка може да се стекне лице чијшто стручен (образовен) профил е:

1. доктор на медицина – специјалист или

2. доктор по општа медицина кој има најмалку пет години работно искуство во струката и работи во установа која е дел од мрежата на здравствени установи или

3. друго стручно лице: психолог, дипломиран социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор и логопед, кое има најмалку пет години работно искуство во струката.

(3) По исклучок од ставот (1) точка 4. на овој член, со лиценца за стручно лице кое врши проценка без полагање стручен испит може да се стекнат лицата од ставот (2) точки 1. и 2. на овој член, по поднесено барање за лиценца, доставена потребна документација и посетен минимален фонд часови на обуката за методологија за проценка на попреченост пропишани со правилникот од членот 17 став (8) точка 1. од овој закон.

(4) Докторот по општа медицина од ставот (2) точка 2. на овој член, како лиценцирано стручно лице кое врши проценка, може да врши само стручна проверка на барањето за проценка и документацијата согласно со членот 24 од овој закон.

**Годишен план за обуки и стручни испити**

Член 11

(1) Министерот за труд и социјална политика (во натамошниот текст: министерот), најдоцна до 31 јануари секоја година донесува годишен план за обуки и стручни испити за тековната година, кој се објавува на веб-страницата на Министерството.

(2) Со годишниот план за обуки и стручни испити се определуваат бројот, временскиот распоред и видовите обуки според наставни програми кои Министерството планира да ги спроведе во тековната година, како и бројот и временскиот распоред за полагање на стручниот испит.

**Јавен повик за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка и за сертифицирање обучувачи**

Член 12

(1) Врз основа на годишниот план за обуки и стручни испити, Министерството објавува јавен повик за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка и јавен повик за сертифицирање обучувачи.

(2) Јавен повик за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка се објавува најмалку еднаш на две години.

(3) Јавен повик за сертифицирање на обучувачи се објавува најмалку еднаш на три години.

(4) Содржината и начинот на објавување на јавниот повик од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

**Пријава за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка и сертификат за обучувач**

Член 13

(1) На јавниот повик за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка, односно сертификат за обучувач, може да се пријави секое лице кое ги исполнува условите од членот 10 од овој закон, односно членот 16 од овој закон, со поднесување на пријава до Министерството, кон која ја приложува документацијата потребна да се утврди исполнетоста на условите.

(2) Во пријавата од ставот (1) на овој член задолжително се наведуваат името и презимето на подносителот на пријавата, неговите податоци за контакт (адреса на живеалиште, адреса за електронска пошта и телефонски број), стручен профил и години на работно искуство во струката.

(3) Формата, поблиската содржина и начинот на поднесување на пријавата од ставот (1) на овој член, како и потребната документација, ги пропишува министерот.

**Проверка на пријавата и известување на кандидатите**

Член 14

(1) Доколку поднесената пријава и документација од членот 13 став (1) од овој закон се комплетни и подносителот на пријавата ги исполнува условите од членот 10 од овој закон, односно членот 16 од овој закон, Министерството го евидентира подносителот на пријавата во листата на кандидати за лиценцирани стручни лица кои вршат проценка, односно сертифицирани обучувачи.

(2) Доколку се утврди дека поднесената пријава и документација од членот 13 став (1) од овој закон се некомплетни, Министерството го известува подносителот на пријавата да ја докомплетира пријавата и документацијата во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето.

(3) Ако во дополнителниот рок од ставот (2) на овој член подносителот на пријавата не ги докомплетира пријавата и документацијата, министерот или од него овластен државен службеник со решение ја отфрла пријавата.

(4) Доколку подносителот на пријавата не ги исполнува условите од членот 10 од овој закон, односно членот 16 од овој закон, министерот или од него овластен државен службеник со решение ја одбива пријавата.

(5) Министерството ги известува кандидатите од листата на кандидати за лиценцирани стручни лица кои вршат проценка, односно за сертифицирани обучувачи за терминот за одржување на обуката за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка, односно терминот за одржување на обуката за сертифицирање обучувачи.

**Програма за обука**

Член 15

(1) Обуката се организира според програма за обука која ја донесува министерот.

(2) Програмата за обука ги содржи следниве наставни програми:

1. Програма за обука за стручни лица кои вршат проценка;

2. Програма за усовршување стручни лица кои вршат проценка (за продолжување на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка);

3. Програма за обука на обучувачи и

4. Програма за усовршување обучувачи (за продолжување на важноста на сертификатот за обучувач).

(3) Во програмата за обука се предвидува комбинирана форма на спроведување на обуката преку предавања и вежби, со кои на учесниците им се пренесуваат знаења и развиваат вештини за подготовка и вршење проценка на попреченост.

(4) Во програмата за обука се пропишуваат и формата, содржината и начинот на пополнување на евалуацискиот формулар, кој секој учесник на обука го пополнува на крајот од обуката.

**Обучувачи**

Член 16

(1) Обуката за лиценцирање стручни лица кои вршат проценка и за усовршување стручни лица кои вршат проценка (за продолжување на важноста на лиценците за стручни лица кои вршат проценка) ја спроведуваат сертифицирани обучувачи.

(2) Со сертификат за обучувач може да се стекне лице кое ги исполнува следниве услови:

1. со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност сè додека траат последиците од забраната;

2. да е доктор на науки од соодветната научна област или да посетува трет циклус универзитетски студии - докторски студии од соодветната научна област или да има положен специјалистички испит по медицина со најмалку пет години работно искуство по положениот специјалистички испит или да е стручно лице: психолог, дипломиран социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор и логопед со најмалку 15 години работно искуство во струката и

3. да има посетено минимален фонд часови предвидени за обука за обучувачи пропишани со правилникот од членот 17 став (8) точка 1. од овој закон.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, за потребите на обуките за обучувачи Министерството може да ангажира странско физичко лице кое е истакнато стручно лице во областите опфатени со програмата за обука.

**Стручен испит**

Член 17

(1) Стручниот испит се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област за проценка за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка.

(2) За да може да го полага стручниот испит, кандидатот за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка е должен да го посети минималниот фонд часови пропишани со правилникот од ставот (8) точка 1. на овој член.

(3) Продолжувањето на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка се врши без полагање стручен испит.

(4) За полагање на стручниот испит, кандидатот за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка ги уплаќа трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на испитот.

(5) Стручниот испит се спроведува најмалку двапати годишно од страна на испитна комисија, која ја формира министерот од редот на обучувачите, при што за член на испитната комисија не може да биде назначен обучувач кој учествувал во обуката на лицата кои го полагаат стручниот испит.

(6) Членовите на испитната комисија имаат право на надомест за спроведување на стручниот испит, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата.

(7) Административните работи за потребите на испитната комисија и спроведување на стручниот испит ги врши вработен административен службеник во Министерството, кој води записник за текот на полагањето на стручниот испит, кој се чува трајно.

(8) Министерот со правилник поблиску ги пропишува:

1. начинот на полагање стручен испит за стекнување и за продолжување на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, вклучително и минималниот фонд на посетени наставни часови;

2. начинот на работа на испитната комисија;

3. начинот и формата на спроведување на стручниот испит и

4. формата, содржината и начинот на водење на записникот за текот на полагањето на стручниот испит.

**Лиценца за стручно лице кое врши проценка и сертификат за обучувач**

Член 18

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за стручно лице кое врши проценка, министерот им издава лиценца за стручно лице кое врши проценка во рок од осум дена од денот на успешно полагање на испитот.

(2) На кандидатите кои ги исполниле условите за обучувач, министерот им издава сертификат за обучувач во рок од осум дена од денот на завршување на обуката.

(3) На секој сертифициран обучувач му се издава и лиценца за стручно лице кое врши проценка, која е со ист период на важност како и издадениот сертификат за обучувач и со која обучувачот може да врши само ревизија на проценки.

(4) Во лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно во сертификатот за обучувач, се наведуваат името и презимето на стручното лице кое врши проценка, односно на обучувачот, неговиот датум на раѓање и стручен профил.

(5) Лиценцата за стручно лице кое врши проценка е со важност од пет години од денот на нејзиното издавање.

(6) Сертификатот за обучувач е со важност од три години од денот на неговото издавање.

(7) За да ја продолжи важноста на лиценцата, стручното лице кое врши проценка е должно, најдоцна еден месец пред истекот на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, да посети обука за усовршување и да ги уплати трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на обуката.

(8) За да ја продолжи важноста на сертификатот, обучувачот е должен најдоцна еден месец пред истекот на важноста на сертификатот за обучувач да посети обука за усовршување и да ги уплати трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на обуката.

(9) Формата и поблиската содржина на лиценцата за стручно лице кое врши проценка и на сертификатот за обучувач, ги пропишува министерот.

**Престанок на важноста и одземање лиценца и сертификат**

Член 19

(1) Министерот донесува решение со кое го констатира престанокот на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно на сертификатот за обучувач, во случај:

1. ако стручното лице кое врши проценка, односно обучувачот, сам побара;

2. ако настапи смрт на стручното лице кое врши проценка, односно на обучувачот;

3. на губење на деловната способност на стручното лице кое врши проценка односно на обучувачот или

4. на истек на рокот на важноста на лиценцата, односно на сертификатот, доколку не се продолжи.

(2) Министерот со решение му ја одзема лиценцата на стручното лице кое врши проценка, односно сертификатот на обучувачот, ако:

1. лиценцата, односно сертификатот е издаден/а врз основа на неточни податоци;

2. стручното лице кое врши проценка одбие да изврши проценка петпати во текот на една календарска година, односно обучувачот одбие да спроведе обука двапати по ред;

3. трипати за времетраењето на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно сертификатот за обучувач нестручно и несовесно извршил проценка, односно спровел обука, спротивно на правилата на науката, струката и етичките норми;

4. на стручното лице кое врши проценка, односно обучувачот, му е одземена или истечена лиценцата или друг вид овластување ако лиценцата или овластувањето е услов за вршење професија или дејност;

5. со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, за времето додека траат правните последици од изречената забрана и

6. е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци, за времето додека траат правните последици од осудата.

(3) Нестручно и несовесно извршена проценка од ставот (2) точка 3. на овој член, се утврдува врз основа на извршените ревизии на проценки.

(4) Нестручно и несовесно спроведена обука од ставот (2) точка 3. на овој член се утврдува врз основа на пополнетите евалуациски формулари од учесниците на обуката.

(5) Лицето на кое врз основа на ставот (2) точка 2. на овој член му е одземена лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно сертификатот за обучувач, може повторно да поднесе пријава за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка, односно сертификат за обучувач, на првиот нареден јавен повик за избор на стручни лица кои вршат проценка, односно на обучувачи.

(6) Лицето на кое врз основа на ставот (2) точки 5. и 6. на овој член му е одземена лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно сертификатот за обучувач, може да поднесе пријава за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка, односно сертификат за обучувач, на првиот нареден јавен повик за избор на стручни лица кои вршат проценка, односно на обучувачи, по престанокот на правните последици од изречената забрана, односно осуда.

(7) Против решението од ставот (2) на овој член, стручното лице кое врши проценка, односно обучувачот, има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Остварувањето на право на жалба се врши согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка.

**Регистар на стручни лица кои вршат проценка**

Член 20

(1) Податоците од издадените, одземените и продолжените лиценци на стручни лица кои вршат проценка, како и лиценците на стручните лица кои вршат проценка кои престанале да важат, се запишуваат во Регистарот на стручни лица кои вршат проценка, кој го води Министерството.

(2) Регистарот на стручни лица кои вршат проценка, особено ги содржи следниве податоци за стручното лице кое врши проценка:

1. име и презиме;
2. единствен матичен број на граѓанинот;
3. адреса на живеалиште, односно престојувалиште;
4. вид на стручен профил;
5. работно место и назив на работо давачот каде што е вработен и
6. датум на стекнување, продолжување и/или престанок на лиценцата за стручно лице кое врши проценка.

(3) Податоците од Регистарот на стручни лица кои вршат проценка кои се од јавен карактер, се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(4) Министерството ги запишува и редовно ги ажурира податоците за издадените, одземените и продолжените лиценци на стручните лица кои вршат проценка, како и за лиценците на стручните лица кое вршат проценка, кои престанале да важат.

(5) На барање на стручното лице кое врши проценка или на друго засегнато лице и врз основа на податоците од Регистарот на стручни лица кои вршат проценка, министерот издава потврда за стручно лице кое врши проценка.

(6) Формата, поблиската содржина и начинот на водење на Регистарот на стручни лица кои вршат проценка, формата и поблиската содржина на потврдата за стручно лице кое врши проценка, како и податоците од Регистарот на стручни лица кои вршат проценка кои јавно се објавуваат, ги пропишува министерот.

**Евиденција на обучувачи**

Член 21

(1) За издадените, одземените и продолжените сертификати за обучувачи, како и за сертификатите за обучувачи кои престанале да важат, Министерството води евиденција.

(2) Евиденцијата на обучувачи особено ги содржи следниве податоци за обучувачот:

1. име и презиме;
2. единствен матичен број на граѓанинот;
3. адреса на живеалиште, односно престојувалиште;
4. вид на стручен профил и
5. датум на стекнување, продолжување и/или престанок на сертификатот за обучувач.

(3) Податоците од евиденцијата на обучувачи кои се од јавен карактер се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(4) Формата, поблиската содржина и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член, како и податоците од евиденцијата кои јавно се објавуваат, ги пропишува министерот.

**Надомест за стручни лица кои вршат проценка и обучувачи**

Член 22

(1) Стручните лица кои вршат проценка, кои не се вработени во Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје или во друга установа со која Министерството има склучено договор или меморандум за соработка, имаат право на надомест за секоја извршена стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето за проценка и приложената документација и за секоја извршена проценка на попреченост, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата. Исплатата на надомест се врши еднаш месечно до крајот на месецот кој следува по месецот за кој е остварено правото на надомест.

(2) Обучувачот има право на надомест за секоја спроведена обука, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата.

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**
**ВРШЕЊЕ ПРОЦЕНКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

**Барање за прва проценка**

Член 23

(1) Проценката на попреченост започнува со поднесување на барање до Министерството.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член го поднесува лицето кое бара да му се утврди попреченост или неговиот законски застапник (во натамошниот текст: барателот).

(3) Барањето од ставот (1) на овој член, во име на барателот и по негова претходна согласност, може да го поднесе и регистриран корисник на Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон и тоа: избран лекар, доктор-специјалист, социјален работник, друг давател на јавни услуги и/или административен службеник во здравствените, социјалните и образовните установи, кој е вработен во институција во која барателот бара остварување или може да остварува право или услуга.

(4) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во случај на примена на меѓународни договори за социјално осигурување.

(5) Во барањето од ставот (1) на овој член се наведуваат податоците за барателот кои се запишуваат во Регистарот на лица со попреченост од членот 34 од овој закон.

(6) Кон барањето од ставот (1) на овој член се поднесува соодветната медицинска, работна и друга документација потребна за утврдување на попреченоста на лицето и која Министерството не може да ја прибави по службена должност од друг надлежен орган.

(7) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува електронски преку Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, барањето може да се поднесе во хартиена форма до Министерството, ако:

1. подносител на барањето е барателот или

2. Информацискиот систем од членот 36 од овој закон не е во функција.

(9) Барателот е должен да изврши уплата на партиципација за вршење прва проценка, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за подготовка и вршење на проценката на попреченост.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, барателот којшто остварува право на гарантирана минимална помош согласно со Законот за социјалната заштита или е дете до 18 години, како и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, не плаќа партиципација за вршење прва проценка на попреченост.

(11) Формата, поблиската содржина и начинот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација, како и начинот на докомплетирање на барањето и документацијата, ги пропишува министерот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

**Проверка на барањето за проценка и документацијата**

Член 24

(1) Во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето од членот 23 од овој закон, овластен административен службеник од Министерството и стручно лице кое врши проценка, кој е доктор на медицина вработен во Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, или во установа која е дел од мрежата на здравствени установи и кој е автоматски определен преку Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон, вршат формално-правна и стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето и приложената документација.

(2) Стручното лице кое врши проценка од ставот (1) на овој член ја презема медицинската документација потребна за утврдување попреченост на лицето од Националниот систем за електронски евиденции во областа на здравството.

(3) Ако по извршената проверка се утврди дека поднесеното барање и документација се комплетни и соодветни, Министерството го известува барателот за терминот за вршење проценка на попреченост, освен кога барањето е поднесено од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија согласно со членот 23 став (4) од овој закон.

(4) Ако по извршената проверка се утврди дека поднесеното барање и документација се некомплетни и/или несоодветни, Министерството го известува барателот да го комплетира барањето со потребната документација во рок од 90 дена од денот на приемот на известувањето. Во известувањето се даваат упатства за комплетирање на барањето и документацијата.

(5) Ако во рокот од ставот (4) на овој член барателот не го комплетира барањето со потребната документација, барањето се отфрла. Ако барањето и документацијата се комплетирани во рокот од ставот (4) на овој член, со потребните податоци и документација, Министерството постапува согласно со ставот (3) на овој член.

**Формирање комисија за проценка**

**Член 25**

(1) За секоја проценка на попреченост, врз основа на претходно внесени критериуми, Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон, автоматски формира комисија за проценка, составена од три до пет лица од Регистарот на стручни лица кои вршат проценка.

(2) Основни критериуми за формирање комисија за проценка се: примарната медицинска дијагноза и останатите медицински дијагнози на барателот на проценка, неговата возраст, живеалиште, односно престојувалиште и мобилност, како и стручниот профил и достапноста на стручното лице кое врши проценка.

**Спречување судир на интереси**

**Член 26**

(1) Пред започнување со проценката на попреченост, секој член на комисијата за проценка потпишува изјава за непостоење судир на интереси.

(2) Одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се применуваат за утврдување постоење судир на интереси кај членовите на комисијата за проценка.

(3) Членот на комисијата за проценка кај кого пред започнувањето на проценката на попреченост е утврдено постоење судир на интереси, се заменува со друго лице од регистарот на стручни лица кои вршат проценка, избрано автоматски преку Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон.

**Национална методологија за проценка на попреченост**

Член 27

(1) Комисијата за проценка ја врши проценката согласно со Националната методологија за проценка на попреченост.

(2) Националната методологија за проценка на попреченост се заснова на меѓународни стандарди и најдобри практики и ги зема предвид различните нивоа и степени на попреченост и возраста на лицата кај кои се утврдува попреченост.

(3) Составен дел на Националната методологија за проценка на попреченост е образецот на наод и мислење од извршена проценка на попреченост.

(4) Националната методологија за проценка на попреченост ја донесува министерот.

**Издавање наод и мислење**

Член 28

(1) Комисијата за проценка врши единствена медицинско функционална проценка на попреченост, при што како појдовна основа се зема примарната медицинска дијагноза и останатите медицински дијагнози (МКБ-10), како и целокупната медицинска, работна и друга релевантна документација заради утврдување лице со попреченост.

(2) Комисијата за проценка ја врши проценката во присуство на лицето со попреченост, освен кога барател на проценката на попреченост е Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, согласно со членот 23 став (4) од овој закон.

(3) По извршената проценка на попреченост, комисијата за проценка издава наод и мислење за:

1. непостоење попреченост,
2. попреченост или
3. ризик од попреченост.

(4) Наодот и мислењето од извршената проценка на попреченост му се издава на барателот на проценката во рок од десет дена од денот на извршената проценка.

(5) Доколку одредена извршена проценка на попреченост е избрана да биде предмет на ревизија, рокот за издавање на наодот и мислењето од ставот (4) на овој член, започнува да тече од денот кога комисијата за ревизија го издала заклучокот од членот 31 став (7) точка 1. од овој закон.

(6) На секој наод и мислење од извршената проценка на попреченост се потпишуваат сите членови на комисијата за проценка.

(7) Административните работи за потребите на комисијата за проценка ги врши вработен административен службеник во Министерството, кој подготвува дневен и месечен статистички извештај за извршените проценки на попреченост.

**Вршење втора проценка**

Член 29

(1) Доколку со наодот и мислењето од извршената проценка не е утврдена попреченост согласно со членот 28 став (3) точка 1. од овој закон или барањето за прва проценка на попреченост е отфрлено поради несоодветност, согласно со членот 24 став (5) од овој закон, барателот има право да поднесе барање за втора проценка во рок од 30 дена од денот на приемот на наодот и мислењето од првата проценка, односно од приемот на известувањето за отфрлање на барањето за прва проценка.

(2) Барањето за втора проценка на попреченост се поднесува до Министерството.

(3) Втората проценка на попреченост ја врши комисија за втора проценка, која Информациskиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон автоматски ја формира и во чиј состав не смеат да членуваат стручни лица кои вршат проценка кои биле во состав на комисијата која ја извршила првата проценка.

(4) Во однос на поднесувањето на барањето за втора проценка на попреченост, партиципацијата за вршење проценка, проверката на барањето и документацијата, формирањето на комисијата за втора проценка и вршењето на проценката и издавањето на наодот и мислењето, соодветно се применуваат одредбите од членовите 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон.

**Конечен наод и мислење**

Член 30

(1) Наодот и мислењето на комисијата за втора проценка е конечен.

(2) Наодот и мислењето од извршената прва проценка на попреченост ќе се сметаат за конечни ако во рок од 30 дена од денот на приемот на наодот и мислењето барателот не поднесе барање за втора проценка.

(3) Ново барање за проценка на попреченост може да се поднесе по истекот на рокот од една година од денот на издадениот конечен наод и мислење.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, ново барање може да се поднесе и пред истекот на овој рок доколку со барањето е приложена нова медицинска документација за настанатата промена, односно влошување на здравствената состојба.

(5) Конечниот наод и мислење можат да бидат со:

1. неограничена временска важност во случај кога е утврдена трајна попреченост и

2. ограничена временска важност до датумот за контролна проценка на попреченост, што комисија за проценка ќе го утврди во наодот и мислењето согласно со Националната методологија за проценка на попреченост.

(6) Лицето со попреченост на кое му издадено конечен наод и мислење, може да ги користи правата и услугите од денот на поднесување на барањето за нивно остварување до надлежниот орган, односно од денот на донесувањето на соодветниот акт на надлежниот орган, согласно со закон.

**Ревизија на проценки**

Член 31

(1) Ревизија на извршената проценка на попреченост се спроведува заради утврдување правилно извршена проверка на поднесеното барање и документацијата за утврдување попреченост и применета методологија од комисијата за прва проценка.

(2) Ревизија на извршената проценка на попреченост врши комисија за ревизија, составена од три стручни лица кои вршат проценка и/или обучувачи кои не учествувале во вршењето на проценките кои се предмет на ревизија.

(3) Комисијата за ревизија врши проверки најмалку четири пати годишно.

(4) Комисијата за ревизија најпрво врши формално – правна проверка на предметот, во смисла на правилно извршена проверка на поднесените барање и документација и закажувањето на термините за проценка на попреченост.

(5) По извршената проверка од ставот (4) на овој член, комисијата за ревизија пристапува кон стручна проверка на извршената проценка на попреченост од комисијата за прва проценка.

(6) Комисијата за ревизија може да изврши и проценка на барателот, ако за тоа се утврди потреба.

(7) Комисијата за ревизија во рок од десет дена од денот на добивање на изготвениот и неиздаден наод и мислење на комисијата за прва проценка:

1. донесува заклучок со кој го потврдува изготвениот и неиздаден наод и мислење на комисијата за прва проценка или

2. издава наод и мислење за попреченост.

**Правилник за подготовка и вршење проценка на попреченост**

Член 32

Подготвителните работи за вршење на проценката на попреченост, начинот и поблиските критериуми за формирање на комисијата за проценка, начинот на одредување термини и критериумите за определување на местото на вршење на проценката на попреченост, времетраењето на проценката на попреченост, начинот на издавање на наодот и мислењето, формата, содржината и начинот на водење на извештајот за извршените проценки на попреченост, бројот и начинот на избор на извршените проценки на попреченост кои се предмет на ревизија, како и начинот на спроведување на ревизијата, ги пропишува министерот.

## ПЕТТИ ДЕЛ
## ТАРИФНИК ЗА НАДОМЕСТОЦИ, ТРОШОЦИ И ПАРТИЦИПАЦИЈА

Член 33

Министерот со тарифник ја определува висината на:

1. трошоците за посета на обука за обучувачи;

2. трошоците за полагање стручен испит за стручно лице кое врши проценка;

3. трошоците за посета на обука за стручно усовршување;

4. надомест за членовите на испитната комисија за спроведен стручен испит;

5. надомест за стручните лица кои вршат проценка за стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето и приложената документација и за извршената проценка на попреченост;

6. надомест за обучувачите за спроведена обука и

7. партиципацијата за вршење проценка на попреченост.

## ШЕСТИ ДЕЛ
## РЕГИСТАР НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

### Воспоставување и содржина на Регистарот на лица со попреченост

Член 34

(1) Доколку со наодот и мислењето е утврдена попреченост, податоците за лицето кај кое е утврдена попреченост и за попреченоста се внесуваат во Регистарот на лица со попреченост, кој го води Министерството.

(2) Регистарот на лица со попреченост се состои од општ и посебен дел.

(3) Во општиот дел на Регистарот на лица со попреченост се внесуваат:

1. основни општи податоци за лицето:

1.1. име и презиме;

1.2. име и презиме на законскиот застапник за малолетни лица и за лица кои немаат или им е одземена деловната способност;

1.3. пол;

1.4. единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или друг единствен идентификациски број;

1.5. единствен број на социјално осигурување од Регистарот за задолжително социјално осигурување;

1.6. единствен здравствен број на осигуреникот (ЕЗБО);

1.7. датум на раѓање;

1.8. место и држава на раѓање;

1.9. адреса на живеалиште;

1.10. општина на живеалиште;

1.11. адреса на престојувалиште;

1.12. општина на престојувалиште;

1.13. државјанство и

1.14. податоци за контакт (телефон и адреса за електронска пошта);

